## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ТЕОРИЈА НА ПОЕЗИЈАТА“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р РАНКО МЛАДЕНОСКИ, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 2402-5817 од 100. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 19.2.2014 година, за изготвување на рецензија за приложениот ракопис „Теорија на поезијата“ од авторот доц. д-р Ранко Младеноски, наменет за студентите од прв циклус студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, избрани се рецензентите:

- проф. д-р Виолета Димова, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- проф. д-р Луси Караниколова Чочоровска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По разгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како рецензенти го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Понудениот ракопис од доц. д-р Ранко Младеноски со наслов „**Теорија на поезијата**“ како скрипта за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е наменет за предметот Поетика, во седмиот семестар, за студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со неделен фонд на часови од 1+1+1. Приложениот ракопис на доц. д-р Младеноски е во согласност со Предметната програма за курсот Поетика, а авторот на почетокот од скриптата ја нуди токму таа предметна програма, според која е елаборирана наставната материја во овој труд. Од понудената предметна програма и од содржината на скриптата очигледно е дека авторот се придржувал стриктно до наставната програма предвидена за курсот Поетика.

Ракописот на доц. д-р Младеноски има вкупно 129 страници, А4 формат, и според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензирана скрипта во електронска форма, според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во својата содржина скриптата е збогатена со поголем број табели кои во една сосема прегледна форма на студентите им ги предочуваат и им ги поедноставуваат сложените структурни наставни единици од областа на теоријата на поезијата како научна дисциплина во рамките на науката за литературата. Станува збор, имено, за скрипта што е изработена врз основа на една специфична предметна програма од областа на поетиката сфатена како теорија на поезијата составена од предметниот наставник доц. д-р Ранко Младеноски. Оваа скрипта ќе биде голем придонес и за македонистиката воопшто„ поради тоа што на полето на македонската книжевно-теориска високообразовна практика не постои идентичен наставен прирачник во кој се опфатени сите наставни единици предвидени со таа конкретна програма. Токму затоа оваа скрипта за теоријата на поезијата од доц. д-р Младеноски се јавува како неопходен наставен прирачник што на студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност во голема мера ќе им го олесни совладувањето на мошне сложената материја за структурата на книжевните поетски дела. Дотолку повеќе што при изработката на овој труд авторот консултирал бројни библиографски единици што се однесуваат на современите достигнувања во рамките на книжевно-теориската мисла.

На почетокот од скриптата е даден еден сосема кус предговор во кој авторот ги воведува студентите во основната содржина на скриптата, а потоа се нуди деталната Предметна програма по курсот Поетика со конкретно наведена книжевно-теориска и апликативна литература што треба да ја консултираат студентите. Материјата, пак, што се презентира во оваа скрипта е систематизирана во три дела дела: а) Прв дел: Вовед во предметот; б) Втор дел: Структурни аспекти на поезијата; в) Трет дел: Прилози. Првиот дел се однесува на основните дефиниции за поимите „поезија“ и „поетика“, како и на појавата и историскиот (дијахрониското) развој на книжевноста во форма на стих. Овде авторот посебно се осврнува на литературните родови со детален преглед на лириката како литературен род во кој доминираат поетските (стихуваните) книжевни форми. Во првиот дел, исто така, посебно внимание се обрнува на лирско-епските видови како специфични хибридни книжевни дела во кои спаѓаат романсата, баладата и поемата. Во вториот дел со наслов „Структурни аспекти на поезијата“ се обработуваат најпрво суштинските особини на версификацијата (метриката) како книжевно-теориска дисциплина што се занимава со проучување на ритамот во поетскиот говор, односно во стиховите. Понатаму, во вториот дел од скриптата детално се обработува и проблематиката со стилските изразни средства, односно со стилските фигури. Овде авторот особено внимание обрнал на детерминацијата на поимот „стилска фигура“, како и на класификацијата на стилските фигури, при што е земена предвид сета досегашна традиција во определувањето и систематизацијата на стилските фигури како едно од најзначајните изразни средства во поезијата. Врз основа на досегашните истражувања на полето на стилистиката (почнувајќи од античката реторика па сè до современите неореторичари), Младеноски ги класифицира стилските фигури во четири групи и тоа: фонолошки стилски фигури (фигури на звучење или метаплазми), синтаксички стилски фигури (фигури на конструкција или метатакси), семантички стилски фигури (фигури на значење или метасемеми) и логички стилски фигури (фигури на мисла или металогизми). Во секоја од овие групи се обработуваат по 12 стилски фигури, при што се дадени дефиниции за сите стилски фигури и примери од македонската и од светската поетска продукција. На крајот од вториот дел од скриптата се елаборира делот за нивоата на анализа на поезијата каде што детално се разработени шест основни аналитички рамништа и тоа фонолошкото, морфолошкото, прозодиското, лексичко-семантичкото, синтаксичкото и логичкото ниво и тоа со конкретни анализи на песни за секое од наведените рамништа. Тоа значи дека авторот паралелно го обработува и книжевно-теорискиот, но и апликативниот материјал со што проблематиката на анализа на поезијата станува појасна и полесно разбирлива за читателот, односно за студентите. Во третиот дел од скриптата „Теорија на поезијата“, односно во делот Прилози, се нудат три текстови со конкретни анализи на песни од македонски автори. Станува збор, имено, за анализа на песни од двајца македонски поетски великани, а тоа се Блаже Конески и Гане Тодоровски. Овие текстови служат како илустрација на практичната примена на книжевно-теориските модели за интерпретација на поезијата. Покрај тоа, во овој дел е понуден и „Речник на термини“ во кој се детерминираат поголем број термини што се од особено значење за анализата на литературата во стихови. На крајот се наоѓа и „Библиографија“, односно список од седумдесетина библиографски единици (референци) што авторот ги користел при изработката на овој труд, а кои во голема мера ќе им помогнат на студентите да ги прошират дополнително своите знаење од областа на теоријата на поезијата.

## З А К Л У Ч О К

Трудот на доц. д-р Ранко Младеноски со наслов „Теорија на поезијата" понуден за објавување како рецензирана скрипта претставува една мошне сериозна сублимирана елаборација на книжевно-теориските методи, начела и принципи за интерпретација (толкување/ анализа) на поезијата. Фактот што тука се зема предвид сиот досегашен базичен книжевно-теориски инструментариум (од антиката до денес) за проучување на аспектите на поезијата говори за мошне сериозниот и студиозен пристап во разработката на теоријата на поезијата. Методските единици во овој труд се обработени на еден системски, дециден и мошне прегледен начин што, секако, им го олеснува учењето на студентите, односно тие ќе можат на разбирлив начин да ги воспримат суштинските методи за интерпретација на поетските книжевни дела. Се разбира, во тоа многу ќе придонесат и многубројните примери за анализа на конкретни песни од македонската и од светската поезија коишто се составен дел од структурата на оваа рецензирана скрипта на Младеноски.

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на скриптата со наслов „Теорија на поезијата", Рецензентската комисија заклучува дека овој труд на доц. д-р Ранко Младеноски во целост ги исполнува основните критериуми за објавување. Затоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотеката на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип како рецензирана скрипта по предметот Поетика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Виолета Димова, с.р.**
**Проф. д-р Луси Караниколова Чочоровска, с.р.**